# ‚Кога ќе дојде рамазан, направете умра, бидејќи умрата во рамазан е еднаква со хаџот.‘“

Од Ибн Абас, радијаллаху анхума, се пренесува: Пратеникот ѝ рекол на една енсаријка, Ибн Абас го спомна нејзиното име, но јас го заборавив: „‚Што те спречи да извршиш хаџ со нас?‘ Таа рече: ‚Имавме само две камили за јавање. На едната изврши хаџ нејзиното дете и неговиот татко, а ја остави другата за нас.‘ Пратеникот ѝ рече: ‚Кога ќе дојде рамазан, направете умра, бидејќи умрата во рамазан е еднаква со хаџот.‘“

[متفق عليه] [صحيح]

Откако Пратеникот, алејхи селам, се вратил од прошталниот аџилак, прашал една енсаријка: „Што те спречи да не го извршиш аџилакот со нас?“ Таа се оправдувала дека имале само две камили, на едната хаџот го извршиле нејзиниот маж и нејзиниот син, а втората ја оставиле за да им служи да вадат вода од бунарот. Тогаш, Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ја информирал дека умрата извршена во месецот рамазан има иста награда како и аџилакот.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/2753